ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/269987778

# "Economic theory, economic policy and economic practice –(case of R. Macedonia)", in: Annual 2009, Faculty of Economics – Skopje

**Article** · September 2009

CITATIONS
0

READS
28

**1 author:**



Borce Trenovski
Ss. Cyril and Methodius University

**50** PUBLICATIONS **38** CITATIONS

SEE PROFILE

**Some of the authors of this publication are also working on these related projects:**

Project

Fiscal transparency View project

Project

A book on - Fiscal Multipliers - Measure of Efficiency of The Fiscal Policy - The Case Of Macedonia (the theoretical foundations of fiscal multipliers, ways of measuring, dilemmas and challenges, experiences, practices View project

All content following this page was uploaded by Borce Trenovski on 25 December 2014.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

**“Economic theory, economic policy and economic practice –(case of R. Macedonia)”,** *in: Annual 2009, Faculty of Economics – Skopje*

# Односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Република Македонија

***Помлад асистент Борче Треновски***

***Апстракт***

*За да го анализираме односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика (економски живот), треба да „копаме“ подлабоко и да навлеземе во природата и суштината на економската наука, да одговориме на прашањата: кое е значењето на економската теорија, зошто настанува смена на економските парадигми, која е улогата на економската политика и каков е нејзиниот однос со економската теорија и економската практика, дали економската практика е роб на економската теорија или обратно итн. Истражувањето во овој труд е фокусирано на односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Р. Македонија, во два периода: периодот на државно-планска економија (1950 – 1990) и транзициониот период (од почетокот на 90-тите, па до денес). На крајот во трудот е посветено соодветно внимание на ограничувањата и недостатоците кои го искривуваат односот помеѓу економската теорија и економската политика во денешно време во Р. Македонија.*

**Клучни зборови:** економска теорија, економска политика, економска практика, економски парадигми, финансиска криза, транзиција, централно-планска економија.

## *1. Теоретски аспекти и искуства од односот на економската теорија, економската политика и економската практика*

Судбината на големите идеи е најпрво да бидат отфрлени, прогласени како погрешни, а подоцна да бидат прифатени како очигледни и ни малку нови.

Меѓутоа, она што сега е очигледно и што се нарекува здрав разум во економијата е напор на определен теоретичар во минатото. Економската наука има специфична природа: економските појави не се ни универзални ни предвидливи, економската реалност е комплексна, ограничена е можноста за употреба на експериментални методи, статистичките инструменти се слаба супституција за експериментот итн. Постојат низа економски феномени за кои не постојат задоволителни теоретски објаснувања. Има, исто така, бројни претпоставки и предвидувања кои воопшто не се тестирани (види Петрески, 2002, стр. 6-12). Истражувачката процедура во науката, односно конструкцијата на научна теорија се состои од три фази: прва, поставување на хипотези; втора, презентирање и демонстрирање на теоретските резултати добиени низ логичка дедукција; трета, обопштување и практична верификација на резултатите. Специфичностите на економската наука, предизвикуваат проблеми во рамките на последната фаза од истражувачката процедура иманентна како за економската наука така и за науката воопшто – фазата на верификација на теоретските хипотези, односно нејзиното конфронтирање со фактите (Фити, 2001, стр. 45–46).

Кога се разработува односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика неизбежно е да ја спомнеме замената на парадигмите во економската наука[1], бидејќи таа најнепосредно е поврзана со тој однос кој претставува нејзин крвоток и движечка сила. Низ конфронтацијата на економската теорија и економската практика (фактите во реалниот живот)[2] теоретските концепции ја докажуваат својата издржаност и научна заснованост[3]. Со цел подобро да разбереме како се менуваат парадигмите, како се развива економската наука и каде тука се вклопува односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика, на кратко ќе прикажеме некои од најпознатите т.н. *теории за акумулација на знаењата*.

[1] За методите и концепциите за разбирање на начинот на кој се менуваат парадигмите во економијата и за начинот на развојот на економската наука пошироко види кај *Snowdon, Vane and Wynarczyk* (1994, стр. 20 – 25), *Samuels, Biddle and Davis* (2003 стр. 571 - 588), *Davis, Marciano and Runde* (2004, стр. 181 - 197), Стојков (2008, стр. 571 - 579) и Фити (2001, стр. 45–51).

[2] Се разбира не ја исклучуваме економската политика која претставува средство со кое економската теорија влијае на економската практика (економскиот живот).

[3] При конфронтирањето со економската практика некои теории ќе бидат потврдени, некои оспорени и проблематизирани, а трети дури и отфрлени.

Куновата концепција за научни парадигми (револуционерен пристап) го толкува развојот на науката[4] како смена на една со друга научна парадигма, а самата смена се означува како научна револуција. Со текот на времето доаѓа до крупен расчекор меѓу владејачката научна парадигма (економска теорија, економска школа) и стварноста (економската практика, економскиот живот) и тогаш настанува криза во доменот на науката. Порано или подоцна, како предизвик на кризата, ќе се јави научна парадигма (економска теорија) која нуди нови излезни решенија и која претставува нова рамка за разбирање на економскиот живот (економската практика). Концепција на научноистражувачки програми на *Лакатош* (*Snowdon, Vane and Wynarczyk*, 1994, стр. 23 - 24; Стојков, 2008, стр. 574) кој тврди дека во сите програми постои еден помалку променлив дел „тврдо јадро" и друг променлив и приспособлив дел наречен „заштитна обвивка". Според него, до замена на постојното „тврдо јадро" со ново ќе дојде тогаш кога постојното „тврдо јадро" ќе западне во криза и кога ќе се јават нови економски теории кои подобро ќе ја толкуваат стварноста (економскиот живот, економската практика). Суштината на *инкременталниот пристап* се состои во објаснување на развојот на економската мисла по пат на континуиран и бавен пораст на знаењата за економскиот живот. Според овој пристап се тргнува од тоа дека се одвива еволуција на економската мисла без да настануваат позначајни дисконтинуитети и револуции[5]. Друг пристап кој е интересен да го спомнеме е *релативистичкиот пристап (респектирање на опкружувањето)*. Овој пристап го објаснува развојот на економската мисла (смената на економските парадигми) со помош на општествено-економските услови (економската практика, економскиот живот) во кои настануваат одредени економски учења (економски теории)[6]. Покрај овие, постојат и други пристапи кои поради обемноста на материјата и ограничениот простор нема да бидат спомнати и разработени[7].

[4] Се однесува и на економската наука.
[5] Според овој пристап, ваквиот развој на економската мисла (теорија) се споредува со тркалање на топка снег низ надолнина, при што топката постепено се зголемува (пошироко кај *Blaug*, 1999).
[6] Овој пристап е карактеристичен за институционалистите, претставниците на историската школа, марксистите и др.
[7] Како што се: концепцијата за линии на истражувањето во економијата на Д. Папино, теоријата на Попер дека теоретските хипотези никогаш не можат комплетно да бидат верифицирани, пристапот на Лестер Тароу според кој економската мисла може да се замисли како океан со безброј струи и вирови и др. (пошироко Стојков, 2008, стр. 571–579; *Samuels, Biddle, and Davis,* 2003, стр. 571–588; *Davis, Marciano, and Runde*, 2004, стр. 181– 197; *Jakšič,* 1999, стр. 270-280).

Економската теорија претставува основа за формулирање на економската политика со која се влијае на економскиот живот (економската стварност, економската практика). Тоа е само едната страна на односите меѓу економската теорија, економската политика и економската практика. Од друга страна, економската стварност (економската практика) служи како основа и водач за модифицирање на одредени економски теории[8] или градење на нови теории кои ќе претставуваат посоодветна основа за формулирање на економската политика и унапредување на економската практика.

Иако на прв поглед овој однос изгледа едноставно, за да се навлезе подлабоко во суштината на истиот, треба да се разгледа посебно односот помеѓу два елемента, апстрахирајќи се од третиот. Во односот помеѓу *економската теорија и економската практика*[9] - врската е двонасочна: од една страна, секоја економска теорија е конципирана согласно со фактите и односите кои постојат во економската стварност, секоја теорија се труди што подобро да ги долови укажувањата и предизвиците што произлегуваат од економската практика и да ги компресира, изрази во една заокружена целина, која подоцна ќе биде основа за креирање економска политика[10]. Од друга страна, економската теорија има силно влијание врз економската практика (економската стварност)[11]. Тоа се реализира сè додека економската теорија успешно ја толкува економската стварност и ги разрешува настанатите проблеми, овој однос функционира беспрекорно. Во моментот кога ќе се јави јаз меѓу економската практика и економската теорија доаѓа време за ревидирање на теоријата или замена со нова. Односот меѓу *економската теорија и економската политика* е од специфична природа. Општо прифатено е стојалиштето дека економската теорија треба да нуди алтернативни решенија, а политиката да избира помеѓу повеќе такви и да се труди да ги спроведува, за што поднесува полна одговорност. Во услови на „растечка комплексност“ на економските системи и забрзување на развојните процеси, практичната политика нужно се потпира врз сознанијата на економската теорија за

[8] Доколку економската политика „натопена“ во дадената теорија не ги остварува своите цели и не соодветствува со економската практика.
[9] Кој е сржта на овој однос, земајќи предвид дека економската политика е посредник и алат на економската теорија.
[10] Тука се апстрахираме од идеологизацијата и политизацијата кои имаат значајно влијание врз креирањето на економската теорија и наука (пошироко Фити, 1995).
[11] Се разбира преку мерките и инструментите на економската политика.

економскиот живот. Сè уште се актуелни мошне цитираните Кејнзови зборови од завршниот дел на неговата *Општа теорија* дека идеите на некои големи економисти имаат поголемо влијание во донесувањето на одлуки од страна на националните лидери одошто обично се мисли, односно дека секој лидер во помала или поголема мера е „роб“ на идеите на некој мртов економист (Славески, 1989, стр. 121). Секоја економска политика поаѓа од некоја економска теорија (или микс од теории), но доследната примена на теориските модели (економските теории) во практика често се соочува со голем број на проблеми (мешање на политиката, различни интереси, идеологии и др.)[12]. Според тоа се појавува потребата од прагматизам во водењето на економската политика и не ретко во определени периоди се донесуваат мерки кои се спротивни на доминантната економска теорија. Според тоа економската политика не ѝ робува до крај на економската теорија. Од друга страна, успешноста на економска политика е причина за воздигнување или отфрлање на една економска теорија. Односот помеѓу *економската политика и економската практика* е сличен на оној што го имаат алатот и предметот што се обработува. Економската политика е продолжена рака, „извршител - реализатор“ испратен од економската теорија да ги елиминира проблемите во економската практика (економскиот живот)[13]. Успешната економската политика е онаа која успешно ги исполнува своите цели и има поволно влијание врз економскиот живот. Доколку економската политика не може да понуди соодветно решение за проблемите во економската стварност се активира обратната врска, каде што со ревидирање на економската теорија (или нејзина замена) се менува и економската политика - „алатот“ кој треба успешно да се справи со предизвиците во економската стварност.

Односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика треба да го имаме предвид при анализата на секое учење и при утврдување и анализирање на причините за практичната замена на парадигмите во современата макроекономија. Либерализмот, класичната школа и сл. се поими кои опфаќаат економска теорија и идеологија која успешно го толкуваше економскиот

[12] Акоземеме предвид дека секоја економија има различни економски проблеми и опкружување, тешко би било да заклучиме дека која било теорија е клуч – калауз за успешна економска политика.

[13] Веќе спомнавме дека постојат и други фактори кои влијаат на креирањето на економската политика..

живот во текот на XVIII ѝ почетокот на XIX век. Тие тргнуваа од индивидуализмот, економскиот либерализам, се залагаа за либерална економска политика и го идеализираа капитализмот. На нивна основа се креираше либерална економска политика (против мешањето на државата во економскиот живот, строга буџетска рамнотежа, без рестрикции во производството, продажбата, без царини и без какви било други ограничувања на профитот) која доста успешно ги решаваше проблемите во економската практика. Меѓутоа, очигледно нешто во таа врска не функционираше како што треба и 1930-тите години доаѓа до голема дисторзија во економската практика - големата светска економска криза, која иницира потрага по нова економска теорија и политика која ќе биде во можност да ја толкува стварноста и да нуди решенија за проблемите во економскиот живот. Спасот го донесува Кејнз со теорија и политика (државната интервенција која беше табу во либерализмот) која го предизвика либерализмот како најдобра дотогашна политика за капитализмот. Новата врска која е воспоставена и која беше заснована на кејнзијанска теорија и политика функционирала до 1970-тите години. Појавувањето на стагфлацијата, фискалната криза на државата, јавните сервиси, национализираните индустрии и бирократијата во економскиот живот одново беа предизвик за економската теорија и политика. Предизвикот и одговорноста ги презеде неолибералната теорија[14], и се појавија низа економски школи (монетаризмот, новата класична макроекономија, теоријата на јавен избор, економијата на понудата). Тие го даваа „вкусот“ на економската теорија, политика и практика во последните две-три децении.




Меѓутоа приказната не е завршена, во поновата историја потврда дека овој однос функционира ќе бараме во денешната светска финансиска криза која најпрво направи промени и модификации во економската политика (поради начинот на кој се појави и се шириме ја фати неподготвена економската теорија) и која очекуваме дека „уште еднаш“ ќе го затвори кругот со промени во економската теорија.

[14] Која се заснова на постулатите на либерализмот – оттаму и називот неолиберализам.

Политиките и реформите зад кои стоеше доминантната економска теорија, од една страна, беа директни причини за настанувањето и ширењето на финансиската криза, а, од друга страна, се покажаа нефункционални и не водеа кон смирување на кризата (слично на 30-тите години на минатиот век). Почна да се применуваат економски мерки кои не се својствени за економските школи од неолиберална провиниенција – национализација на финансиски институции и компании, протекционистички мерки, експанзивна фискална политика итн. Дали потресите во економската практика беа толку силни што покрај промените во економската политика го нагризаа и „тврдото јадро“ на економската теорија останува да се види.

## *2. Искуство и недостатоци на релациите меѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Република Македонија*

Анализата на односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Р. Македонија ќе ја насочиме кон два периода: периодот на државно-планска економија (1950-1990) и транзициониот период (од почетокот на 90-тите, па до денес).

Денешната реалност во Р. Македонија изразена во многу неповолни економски, социјални и политички турбуленции потврди дека социјалистичкиот (економски и политички) систем, каков што беше изграден во преттранзициониот период беше неадекватен, неуспешен и нестимулативен. Таквиот систем не го стимулираше ниту развојот на економската наука (заснована на марксистичкото учење) која беше под силно влијание на општата идеологизација и политизација на економските појави. Уште повеќе, и самата економска наука стана дел од тој механизам, најчесто со некритичко прифаќање и афирмирање на политичките одлуки, давајќи им „научно“ објаснување и пропагирајќи ги. Ова претставуваше основа за субјективизам и волунтаризам како во економската теорија така и во економската практика, а тоа директно се рефлектираше врз развојот на

економската наука[15]. Во такви општествено-политички услови се изгради економски систем кој само формално ги признаваше, а во суштина ги запоставуваше економските принципи и законитости. Во ваквиот систем се создадоа услови за спроведување на економска политика и активност врз основа на волунтаристички одлуки на државните и самоуправните органи. Создадено беше опкружување и услови, во кои, во отсуство на ризик економската практика не чувствуваше објективна потреба за користење на услугите од економската наука. Според тоа во тој период не се разви вистинска економска наука која ќе ги изучува економските појави и проблеми како економски, а не како политички (види Георгиев и Недановски, 1995, стр. 84-85). Поради дисторзиите и вакуумот кој се создаваше помеѓу економската практика, на една страна, и економската теорија и економската политика, на друга, дојде до нагризување на „тврдото јадро" на доминантната (марксистичка) економска теорија и до почеток на периодот на транзиција – пронаоѓање на нова економска теорија и соодветна политика.

Започнувањето на процесот на транзиција во постсоцијалистичките земји (како и во Македонија) отвори низа прашања, при што за голем дел од нив современата економска теорија сѐ уште не може да најде адекватни одговори. Уникатноста на транзицијата како процес досега не е забележан во човековата историја. На тој начин се создаде вакуум во економската наука, оставајќи ја „затекната" од обемноста и сложеноста на процесот. Имено, не постоеше некоја теорија што ќе служи како фундамент, а не постоеја ни практични искуства, така што економската наука даваше само логистичка поддршка (Стојков, 1999). Во таков случај како единствен излез се јавуваат современите светски трендови во економската наука (теорија) кои како неизбежен ориентир мораат да се следат и почитуваат. Празнината за економска теорија се потрудија, во најголем дел[16], да ја пополнат економските теории од неолиберална провиниенција кои веќе беа тестирани во ЗВР. Краткото прелистување на „лекот" кој ни беше наметнат за излегување од нашата задоцнета транзиција јасно го открива неолибералниот концепт: т.н. свето тројство – макроекономска стабилност (ценовна стабилност,

---

[15] Економската мисла ѝ робуваше на догматската доктрина во апологетскиот однос кон традиционалната марксистичка, а уште повеќе на неомарксистичка мисла (Кљусев и др. 2002, стр. 34). Иако има значајни отстапувања од Марксовите предвидувања.

[16] Имаше елементи и од кејнзијанизмот, посткејнзијанизмот, неоинституционализмот итн.

стабилен девизен курс и урамнотежен буџет); либерализација и дерегулација; и приватизација. Ако покрај ова ги спомнеме и „спасителите“, првенствено ММФ, потоа Светската банка и Светската трговска организација, како и добро познатиот Вашингтонски консензус, ни станува јасно кој го креираше односот помеѓу економската теорија, економската политика и практика. Меѓутоа, во тој однос беше направена една фундаментална грешка – вештачка „прекуноќ“ трансплантација на основните постулати и институции на пазарна демократија не е можна без големи последици кои се манифестираа преку: неснаодливост на првите влади, опаѓање на стапките на раст (1993 - -7,5%; 1997-1,4%: 2006-4%)[17], огромен пораст на невработеноста (1993-27,7%; 2000-32,2%; 2007-34,9%), зголемување на сиромаштијата, недоверба во реформите и пазарната демократија и др., меѓутоа отстапување од реформите не можеше и не смееше да се случи, се забави само темпото со кое се почна. На овој начин се воспостави нов однос помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика - која ги амортизираше грешките и експериментите на претходните два елемента.

| Година | 1993 | 1995 | 1999 | 2002 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП (стапка на реален пораст во %) | -7,5 | -1,1 | 4,3 | 0,9 | 4,1 | 4,0 | 5,9 | 5,3 |
| Инфлација (на годишна основа во %) | 229,6 | 9,2 | 2,3 | 1,1 | 1,2 | 2,9 | 6,1 | 4,1 |
| Стапка на невработеност (во %) | 27,7 | 35,6 | 32,4 | 31,9 | 37,3 | 36,0 | 34,9 | 33,5 |
| Буџетски биланс (% од БДП) | -13,4 | -1,2 | 0,0 | -5,7 | 0,2 | -0,5 | 0,6 | -1,4 |

*Извор: Народна банка на Република Македонија*

Меѓутоа, последните две-три години (поточно од 2006 год.) се чувствува некој нов ветер во нашата економска политика, а по настанатата светска економска криза и во економската теорија и практика. Прополека се напуштаат неолибералните стеги: прекинување на аранжманите со ММФ, предност се дава на невработеноста (2005-37,3%; 2006-36%; 2007-34,9%) пред инфлацијата (2005-1,2%; 2006-2,9%; 2007-6,1%; 2008-4,1%)[18], се толерираат поголеми буџетски дефицити (2008-1,5%; 2009-2,8%) и се води поекспанзивна фискална политика (намалување на даночните стапки, разни даночни стимулации, се зголемува развојниот дел во буџетот, се

[17] Извор: www.nbrm.gov.mk/WBStorage/Files/os_ek_data_mak_30_01_2009.pdf
[18] Се прогнозираат повисоки стапки на инфлација и буџетски дефицити и во иднина.

најавува инвестициона програма тешка 8 милијарди евра (2009-2016), субвенции во земјоделството итн.), се водат кампањи за купување македонски производи, за поддршка на малите и средни бизниси, за поефикасно здравствено осигурување (владата промовира здравствено осигурување за сите) и пензиско осигурување итн. Останува времето да покаже дали финансиската криза го нагриза „тврдото јадро“ и дали нè очекува нова трансформација на односите меѓу теоријата, политиката и практиката.

На крајот ќе ги анализираме ограничувањата и недостатоците кои денес го искривуваат односот помеѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Македонија. Тие постојат веќе подолг период и можат резимирано да се претставаат преку отежнатото функционирање на двојната врска помеѓу економската политика и економската теорија - наука[19].

***Економска наука → економска политика*** спроведувана од страна на владејачките структури: 1) секоја влада бара стратегии, совети програми итн., но ретко ги зема на сериозно користење кога ќе ги добие; 2) советите и упатствата од економската теорија и наука често пати стигнуваат само до владините службеници, а многу поретко до министрите и другите креатори на економската политика; 3) креаторите на економската политика често велат дека „ја консултирале науката“, но ретко презентираат оригинални записници, резимеа од студии и други докази за тоа; 4) реформските предлози кои произлегуваат од научни собири, конференции, советувања, многу често завршуваат незабележани, бидејќи од креаторите на политиката се оценуваат идеолошки како „неприфатливи“; 5) многу често при формирање на тимови за креирање на конкретни мерки на економска политика не се консултираат претставници од економската наука; 6) доколку има ангажирано претставници од економската наука тие немаат доволно храброст да се спротивставаат на претходно оформените идеи од страна на креаторите на политиката; 7) многу често економската политика се креира под влијание на сугестиите од светските финансиски и економски институции и центри.

---

19 Пошироко за врските и ограничувањата во односот на економската наука, економската политика и економската практика, види кај Узунов, 1995, стр. 19–20.

***Економска политика → економска наука:*** 1) често пати економската наука ги игнорира барањата на економската политика и на економската практика; 2) обично, на економската наука ѝ треба многу време за да даде соодветна сугестија за спроведување на економската политика; 3) економската наука не ретко во нашата практика се приспособува на веќе оформените погледи на политиката; 4) науката исто како и економската политиката често е подложна на промени иницирани од светската економска мода. Но и покрај сите препреки и ограничувања кои го карактеризираат односот меѓу економската теорија, економската политиката и економската практика кај нас, неизбежно е овој процес да функционира (макар и отежнато) затоа што тој претставува предуслов за подобрување на економскиот живот и за развој на економската теорија и политика.

**Користена литература:**


1. Davis, J., Marciano, A. and Runde, J. (2004): *The Elgar Companion to Economics and Philosophy*, Cheltenham, UK and Northhampton, MA, USA, Edward Elgar Publishing Ltd.
2. Фити, Т. (2001): *Современи макроекономски концепции и економските политики*, Економски факултет - Скопје.
3. Петрески, Г. (2002): *Економски раст и развој: теории, модели и меѓународни искуства*, Економски факултет-Скопје, VIII, 856 стр.
4. Славевски, Т. (1989): *Современите економски школи во САД,* Комунист-Скопје.
5. Snowdon, B., Vane, H. and Wynarczyk, P. (1994): *A modern guide to macroeconimics: An introduction to Competing Schools of Thought*, Cheltenham (UK), Edward Elgar Publishing Ltd.
6. Стојков, М.(2008): *Развој на економската мисла*, Економски факултет - Скопје, (3 издание), XX.
7. Samuels, W.J., Biddle, J. and Davis, J. (2003): *A companion to the history of economic thought*, Blackwell Publishing Ltd.
8. Узунов, Н. (1995): *Размисли за посебната улога на економската наука*, *Посебната улога на економската наука (прилози за научен собир),* Економски факултет – Скопје, Сојуз на економистите на Македонија, стр. 27 -41.
9. Георгиев, А. и Недановски, П. (1995): *Искуството од минатото како прилог за иднината*, *Посебната улога на економската наука (прилози за научен собир*), Економски факултет – Скопје, Сојуз на економистите на Македонија, стр. 79-91.
10. Стојков, М. (1999): *Транзицијата - предизвик и тест за економската наука*, *Меѓународниот симпозиум: Современите димензии на проблемите на транзиционите економии,* Економски факултет – Скопје.

11. Достапно на:
www.nbrm.gov.mk/WBStorage/Files/os_ek_data_mak_30_01_2009.pdf
[08.03.2009]

# *The relation between economic theory, economic policy and economic practice in R. Macedonia*

***Junior Teaching Assistant Borce Trenovski***

***Abstract***
*In order to analyze the between the economic theory, economic policy and economic practice (economic life), we should "dig" deep, to reach the nature of the economic science and to give answers to the following questions: what is the significance of the economic theory, what is the role of the economic policy, why there are changes in the economic paradigms, what type of links exist between economic theory, economic policy and economic practice, is economic practice a slave of the economic theory etc. The research in this paper is focused on development of the relations between economic theory, economic policy and economic practice in the Republic of Macedonia – during two periods: the period when Macedonia was centrally-planned economy and the transition period. At the end we analyze the lacks and malfunctions in the relations between economic theory and economic policy in R. Macedonia, nowadays.*

***Key words:*** *economic theory, economic policy, economic practice, economic paradigms, financial crisis, transition, centrally-planned economy*



View publication stats